Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ИНФАРМ Дооел - Скопје**, за пресадување на зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 3 (три) дрва (ореви), што се наоѓаат на **КП 1261/8 и КП 1260/3 КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец – Скопје.**
2. Пресадувањето на зеленилото треба да го организира барателот под надзор на ЈП Паркови и зеленило – Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП Паркови и зеленило – Скопје
3. Пресадувањето да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП Паркови и зеленило – Скопје да изготви записник за сите дејствиа предвидени во точка 1 од ова решение.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**ИНФАРМ Дооел - Скопје, ул. Дебарца бр. 57/12,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/86** од **20.02.2024** година, за пресадување на зеленилото што се наоѓа на **КП 1261/8 и КП 1260/3 КО Ѓорче Петров 5 – Лепенец – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП Паркови и зеленило – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација на ден **12.03.2024** година. При тоа е утврдено дека, зеленилото предмет на барањето пречи за изведба на градежни работи за изградба на складишен објект, согласно Правосилно Одобрение за градба Уп. Бр.28-1318 од 04.03.2024 год. издадено од Општина Ѓорче Петров.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за производство, дистрибуција и сервиси(мали и големи комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Во член 14 од истиот закон стои дека, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.

Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило дека барателот располага со правосилно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој орган има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење) во соработка и под надзор на ЈП Паркови и зеленило – Скопје.
Бидејќи во случајот не се врши сечење на зеленилото не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензациско садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/86/2**
**13.03.2024** година
Скопје

**Доставено до:**
Барателот
ЈП Паркови и зеленило – Скопје
и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**
____________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
____________________
Пом. Раководител на Сектор
**Драги Митковски**
____________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор

**Зоран Лапевски**
____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT - SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT